Врз основа на член 8 став (1) точка 1) од Законот за ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.122/21), Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 11.04.2025 година донесе

# ФИНАНСИСКИ ПЛАН

## на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2025 година

Раздел: **02010** Совет за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија

| (во денари) | Основен буџет (Сметка 637) | | Самофинансирачки активности (Сметка 787) | | Вкупни приходи/расходи | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2024 година | 2025 година | 2024 година | 2025 година | 2024 година | 2025 година |
| **ПРИХОДИ** | **-** | **-** | **2.100.000,00** | **4.700.000,00** | **2.100.000,00** | **4.700.000,00** |
| 724 Други владини услуги | - | - | 2.100.000,00 | 4.700.000,00 | 2.100.000,00 | 4.700.000,00 |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | - | - | - | - | - | |
| **РАСХОДИ** | **9.433.000,00** | **10.514.000,00** | **2.100.000,00** | **4.700.000,00** | **11.533.000,00** | **15.214.000,00** |
| **40 ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **6.423.000,00** | **7.264.000,00** | **-** | **-** | **6.423.000,00** | **7.264.000,00** |
| 401 Основни плати | 4.625.000,00 | 5.221.000,00 | - | - | 4.625.000,00 | 5.221.000,00 |
| 402 Придонеси за социјално осигурување | 1.710.000,00 | 1.931.000,00 | - | - | 1.710.000,00 | 1.931.000,00 |
| 404 Надоместоци | 88.000,00 | 112.000,00 | - | - | 88.000,00 | 112.000,00 |
| **42 СТОКИ И УСЛУГИ** | **2.550.000,00** | **3.000.000,00** | **2.100.000,00** | **3.700.000,00** | **4.650.000,00** | **6.700.000,00** |
| 420 Патни и дневни расходи | 250.000,00 | 300.000,00 | 550.000,00 | 1.000.000,00 | 800.000,00 | 1.300.000,00 |
| 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 1.050.000,00 | 1.200.000,00 | - | - | 1.050.000,00 | 1.200.000,00 |
| 423 Материјали и ситен инвентар | 100.000,00 | 100.000,00 | 200.000,00 | 300.000,00 | 300.000,00 | 400.000,00 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 170.000,00 | 200.000,00 | 200.000,00 | 300.000,00 | 370.000,00 | 500.000,00 |
| 425 Договорни услуги | 730.000,00 | 800.000,00 | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 | 1.730.000,00 | 1.800.000,00 |
| 426 Други оперативни расходи | 250.000,00 | 400.000,00 | 150.000,00 | 1.100.000,00 | 400.000,00 | 1.500.000,00 |
| **46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **460.000,00** | **250.000,00** | **-** | **1.000.000,00** | **460.000,00** | **1.250.000,00** |
| 464 Разни трансфери | 460.000,00 | 250.000,00 | - | 1.000.000,00 | 460.000,00 | 1.250.000,00 |
| **48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** |
| 480 Купување на опрема и машини | - | - | - | - | - | - |
| 485 Вложувања и нефинансиски средства | - | - | - | - | - | - |

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

## 1. Приходи

Вкупните проектирани приходи на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија на сметката 787 за 2025 година изнесуваат 4.700.000,00 денари. Истите се однесуваат на приходи од 15% од вкупно остварените приходи на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија во претходната година и приходи по основ на уплати за лиценци за овластени ревизори, друштва за ревизија и овластени ревизори – трговци поединци.

Исто така, активностите на Советот ќе бидат финансирани и со средства од Основниот буџет во износ од 10.514.000,00 денари.

## 2. Расходи

Вкупните расходи на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија на буџетската сметка 637 и на сметката на самофинансирачки активности 787 за 2025 година изнесуваат 15.214.000,00 денари.

***Плати и надоместоци*** – Расходите за плати и надоместоци изнесуваат 7.264.000,00 денари односно 48,00% од вкупниот буџет. Истите се однесуваат за исплата на плати на вработените во стручната служба врз основа на Одлуката за зголемување на утврденото право на плата на вработените во стручната служба на Советот бр.05-328/1 од 25.12.2024 година, како и за платата на Претседателот на Советот. Овде е вклучена и исплатата на право на регрес за годишен одмор согласно на Колективниот договор на Советот.

***Стоки и услуги*** – Расходите за стоки и услуги се проектирани на 6.700.000,00 денари и нивното учество во буџетот на Советот за 2025 година изнесува 44%. Во рамките на оваа група е планирано следново:

- ставка 420, во вкупен износ од 1.300.000,00 денари, наменети за исплата на хотелско сместување во земјата и странство, патни расходи во земјата и странство, дневници во земјата и странство, споредни расходи за патување во земјата и странство за вработените и членовите на Советот;
- ставка 421, во вкупен износ од 1.200.000,00 денари, наменети за исплата на комунални услуги - електрична енергија, водовод и канализација, ѓубретарина, одржување и кондиционирање (ладење и греење); комуникациски услуги – пошта, телефон, мобилни телефони, интернет и

обнова на домен; транспортни услуги за службени потреби; и други непредвидени расходи;

- ставка 423, во вкупен износ од 400.000,00 денари, наменети за исплата на канцелариски материјали, списанија и весници, тонери, средства за одржување на хигиена, материјали за разни поправки, ситен инвентар и други непредвидени трошоци;
- ставка 424, во вкупен износ од 500.000,00 денари, наменети за исплата на услуги за поправки и тековно одржување на хардверот и софтверот, опремата, мебелот, канцелариските простории на Советот и други непредвидени расходи;
- ставка 425, во вкупен износ од 1.800.000,00 денари, наменети за исплата на месечен надоместок за 6 надворешни членови на Советот, услуги за изнајмување на простор и опрема, банкарски услуги, печатење, консултантски услуги, договорни услуги и други непредвидени расходи; и
- ставка 426, во вкупен износ од 1.500.000,00 денари, наменети за зачленување во Меѓународниот форум на независни регулаторни тела (IFIAR), исплата за учество на семинари, котизации за обуки и усовршување на вработените, објавување на огласи, претплата на електронска база на податоци на Закони и подзаконски акти, репрезентација и други непредвидени расходи.

***Субвенции и трансфери*** – Расходите за трансфери се проектирани на 1.250.000,00 денари, се наменети за исплата на судски трошоци и надоместоци по основ на тужби.

***Капитални расходи*** – Капиталните расходи не се проектирани на буџетот на Советот за 2025 година.

Финансискиот план ќе се реализира по добивање на согласност од Владата на Република Северна Македонија.

**в.д. Претседател на Советот**
**Филип Василески**

Број: 01-127/1
11.04.2025 година
Скопје